**20240290697**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 394 алинеја 10 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.70/19, 98/19, 302/20, 122/21, 33/24 и 208/24), а во врска со член 6 став (2) и член 23 став (5) од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.7/19), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВОЗАЧКИТЕ ИСПИТИ И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРНИТЕ УСЛОВИ И МАТЕРИЈАЛНО - ТЕХНИЧКАТА И ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА НА ИСПИТНИТЕ ЦЕНТРИ И ВОДЕЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ВРСКА СО СПРОВЕДЕНИТЕ ВОЗАЧКИ ИСПИТИ, КАКО И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ИСПИТЕН ЦЕНТАР, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар.

Член 2

Возачките испити се организираат и спроведуваат во испитни центри согласно организацијата на организациските единици-Сектори за внатрешни работи на Министерството за внатрешни работи, и тоа за подрачјата:

1. Скопје, со испитно место во Скопје, пријавни места во општина Центар, Карпош, Чаир, Аеродром и Гази Баба, со најмалку седум испитни комисии;
2. Битола, со испитно место Битола, подружница и испитно место во Прилеп и Ресен, пријавни места во Битола, Прилеп, Ресен, Демир Хисар, Крушево и Македонски Брод, со најмалку три испитни комисии;
3. Велес со испитно место Велес, подружница и испитно место во Неготино и Кавадарци, пријавни места во Велес, Неготино и Кавадарци, со најмалку две испитни комисии;
4. Куманово со испитно место Куманово, подружница и испитно место во Крива Паланка, пријавни места во Куманово, Крива Паланка и Кратово, со најмалку две испитни комисии;
5. Охрид со подружници испитно место Охрид, испитно место во Струга, Кичево и Дебар, пријавни места во Охрид, Струга, Кичево и Дебар со најмалку две испитни комисии;
6. Струмица со испитно место Струмица, подружници и испитно место во Радовиш, Гевгелија и Валандово, пријавни места во Струмица, Радовиш, Гевгелија и Валандово со најмалку две испитни комисии;
7. Тетово со испитно место Тетово, подружница и испитно место во Гостивар, пријавни места во Тетово и Гостивар со најмалку три испитни комисии ;

8. Штип со испитно место Штип, подружници и испитно место во Свети Николе, Пробиштип, Кочани, Делчево и Берово, пријавни места во Штип, Свети Николе, Пробиштип, Кочани, Делчево, Берово, Виница и Македонска Каменица со најмалку две испитни комисии.

Член 3

(1) Возачкиот испит за кандидат за возач за управување со моторно возило или трактор, се спроведува во испитниот центар согласно Програмата за полагање на возачки испит за управување со моторно возило и трактор (во натамошниот текст: Програмата).

(2) Програмата се состои од теоретски и практичен дел, а за управување со мобилна машина, мотокултиватор, велосипед со помошен мотор, мопед и лесен четирицикл само од теоретски дел.

Член 4

(1) Кандидатот за возач на моторно возило од категориите „Ц1“„Ц“„Д1“, и „Д“ го полага теоретскиот дел на возачкиот испит од Програмата.

(2) Кандидатот за возач на трактор, како и кандидатите за возач на мобилна машина, мотокултиватор, велосипед со помошен мотор, мопед и лесен четрицикл, го полага теоретскиот дел на возачкиот испит од Програмата.

(3) Теоретскиот дел од возачкиот испит се полага на електронски компјутерски генериран тест.

Член 5

Практичниот дел на возачкиот испит, опфаќа изведување на активности со моторното возило и тракторот што се од значење за успешно и безбедно управување со возилото согласно правилата на сообраќајот и со условите на патот и во сообраќајот, како и активности за совладување на техниката на управување со возилото.

Член 6

(1) Пријавата за полагање на возачкиот испит се поднесува од страна на кандидатот за возач на моторно возило или трактор, во испитниот центар или во неговата подружница, односно во пријавно место во рамки на подрачјето што го опфаќа испитниот центар, на кое кандидатот има пријавено живеалиште односно престојувалиште непрекинато најмалку шест месеци пред денот на пријавување на возачкиот испит. Пријавата за полагање на возачки испит од страна на кандидатот за возач на моторно возило или трактор се поднесува лично со важечка лична карта или друг документ за лична идентификација за одобрен законски престој што има фотографија, издаден од државен орган.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај кога е одземена лиценцата на испитниот центар или кога е изречена забрана за вршење на дејност на испитен центар, пријавата за полагање на возачкиот испит од страна на кандидатот за возач на моторно возило или трактор, по негов избор се поднесува во испитниот центар или во неговата подружница, односно во пријавно место во рамки на подрачјето што го опфаќа испитниот центар, надвор од неговото пријавено живеалиште односно престојувалиште.

(3) Пријавата од ставовите (1) и (2) на овој член, кандидатот може да ја поднесе лично, по пошта, по електронски пат преку електронска пошта (e-mail) или електронски со користење на веб страница и адреса на испитниот центар.

Член 7

Пријавата за полагање на возачкиот испит содржи: име и презиме на кандидатот, датум и место на раѓање, адреса на живеалиште односно престојувалиште, број на лична карта, име и презиме на предавачот, име и презиме на возачот-нструкторот, име на автошколата каде кандидатот се оспособувал, податоци за возилото на кое кандидатот ќе го полага возачкиот испит (дали ќе полага со возило на автошколата или со возило на испитниот центар), податоци за категоријата на возилото за која се полага возачкиот испит, податоци за категоријата на возилата за кои возачот има возачка дозвола, податок по кој пат полага, кога последен пат го полагал возачкиот испит и од која област повторно го полага возачкиот испит.

Член 8

(1) Кон пријавата за полагање на возачкиот испит, кандидатот за возач приложува и докази:

- за завршено најмалку основно образование на кандидатот за возач;
- за здравствена и психофизичка способност на кандидатот за возач за управување со моторно возило односно трактор;
- за извршено оспособување на кандидатот за возач;
- за извршено оспособување на кандидатот за возач од областа на укажување прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода;
- за уплатен износ на трошоци сврзани со полагање на возачкиот испит;
- дека кандидатот за возач од категоријата „Ц1“ и „Ц“, најмалку една година поседува возачка дозвола од категоријата „Б“;
- дека кандидатот за возач од категоријата „Д” најмалку две години поседува возачка дозвола од категоријата „Ц”, а за категоријата „Д1” најмалку две години возачка дозвола од категоријата „Ц1”; или „Ц” ;
- дека кандидатот за возач од категориите „БЕ” „„ЦЕ” и „ДЕ“ најмалку една година поседува возачка дозвола од категоријата во која спаѓа влечното возило;
- дека кандидатот за возач од категориите „Ц1Е” и „Д1Е” најмалку една година - поседува возачка дозвола од категоријата во која спаѓа влечното возило;
- дека кандидатот за возач од категоријата „А” по навршени 21 година, најмалку две години поседува возачка дозвола од категоријата „А2”, или лицето има навршено 24 години возраст.

(2) Како доказ за податоците содржани во ставот 1 алинеи 4, 6, 7, 8 и 9 на овој член, се смета фотокопија од возачка дозвола за управување со категориите заверена на нотар.

Член 9

За повторување на возачкиот испит, односно за одреден негов дел, се поднесува повторно пријава до испитниот центар во кој кандидатот за возач го полага испитот.

Член 10

(1) При приемот на пријавата за полагање на возачки испит, од страна на референтот за пријавување на возачки испит, се проверува дали пријавата е целосна, како и дали се приложени сите докази од членот 8 од овој правилник.

(2) Ако се исполнети условите за полагање на возачки испит, од страна на испитниот центар се определува времето и местото на испитот и за тоа се известува кандидатот за возач.

(3) Испитниот центар на кандидатот за возач, му овозможува полагање на возачкиот испит најдоцна 15 дена од денот на приемот на пријавата за полагање.

(4) На барање на кандидатот за возач, од страна на испитниот центар писмено се известува за причините поради кои не му е одобрено полагањето на возачкиот испит.

Член 11

Кандидатот за возач кој нема да го положи теоретскиот или практичниот дел од возачкиот испит, повторно полага најрано седум дена сметано од наредниот ден од денот на последното неуспешно полагање.

Член 12

(1) Пред почетокот на полагањето на возачкиот испит, од страна на испитната комисија се утврдува идентитетот на кандидатот за возач со увид во лична карта.

(2) Кандидатот за возач кој очигледно е под дејство на алкохол, опојни droги, психотропни супстанции, како и лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возењето, нема да полага возачки испит.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, се смета дека кандидатот не го полагал, односно не го положил возачкиот испит и истото се констатира во записникот за полагање на возачкиот испит.

Член 13

(1) Кандидатот за возач може да го одложи возачкиот испит од оправдани причини, најдоцна 48 часа пред почетокот на испитот.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, од страна на кандидатот за возач може да се одложи возачкиот испит и во период пократок од наведениот во ставот (1) на овој член, пред почетокот на закажаното полагање за што доставува соодветна документација (потврда, уверение и сл.) до раководителот на испитниот центар.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, за новото пријавување на возачкиот испит, кандидатот за возач не ги плаќа трошоците сврзани со полагање на возачкиот испит.

(4) Доколку кандидатот не го одложи возачкиот испит согласно ставот (1) на овој член и доколку не достави соодветна документација за случаите од ставот (2) на овој член или самиот се откаже од полагање на веќе започнатиот возачки испит, ќе се смета дека истиот не го положил возачкиот испит.

(5) Кандидатот за возач, кој во текот на полагањето на возачкиот испит користи учебници, белешки, мобилен телефон и слично, се отстранува од испитот.

(6) Во случаите од ставот (5) на овој член, се смета дека кандидатот за возач не го положил возачкиот испит и истото се констатира во записникот за полагање на возачкиот испит.

Член 14

(1) Возачкиот испит се спроведува на денот кога е закажано испитувањето.

(2) Теоретскиот дел од возачкиот испит се спроведува во еден ден.

(3) Првиот и вториот практичен дел од возачкиот испит се спроведува во еден ден.

(4) На барање на кандидатот за возач вториот практичен дел може да се полага и во друг ден.

Член 15

Теоретскиот дел од возачкиот испит се спроведува во просторија во испитниот центар или во подружницата на испитниот центар.

Член 16

Возачкиот испит започнува со полагање на теоретскиот дел, а потоа на практичниот дел за управување со моторно возило или трактор.

Член 17

На теоретскиот дел од возачкиот испит се утврдува дали кандидатот за возач ги совладал содржините предвидени во Програмата.

Член 18

(1) Тестот за полагање на возачкиот испит содржи прашања на кои одговорите се даваат на начин определен во тестот.

(2) Прашањата од тестот зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

Член 19

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од тестот за полагање на возачкиот испит, изнесува 60 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат за возач кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 90% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 20

(1) Кандидатот за возач на моторно возило кој го положил теоретскиот дел од возачкиот испит може да го полага практичниот дел од возачкиот испит (прв и втор дел) во период од една година од денот кога го положил теоретскиот дел од возачкиот испит.

(2) Кандидатот за возач на моторно возило кој нема да го положи практичниот дел од возачкиот испит во рокот определен во ставот (1) на овој член, го полага повторно теоретскиот и практичниот дел од возачкиот испит.

Член 21

На барање на кандидатот за возач, испитната комисија може да го информира за направените грешки во тестот за полагање на возачки испит, со овозможување непосреден увид во тестот.

Член 22

(1) Тестот за полагање на возачкиот испит се користи и се дава на кандидатот за возач само за време на полагањето на возачкиот испит.

(2) Прашањата содржани во тестот за полагање на возачкиот испит, како и нивните одговори се чуваат во електронскиот систем за полагање на теоретскиот дел од возачкиот испит (во натамошниот текст: електронски систем).

(3) Тестот за полагање на возачкиот испит, на барање на овластеното лице од испитниот центар, електронскиот систем ги распределува до испитните центри односно подружниците, по електронски пат, на денот на полагање на возачкиот испит.

Член 23

(1) По добивање на пријавата од членот 6 од овој правилник, на денот на полагањето на теоретскиот дел од возачкиот испит, од страна на испитниот центар се дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со која се одобрува пристапот во електронскиот систем.

(2) По добивање на пристап, кандидатот добива електронски тест, компјутерски генериран, чија содржина, по принцип на случаен избор, ја определува софтверот на електронскиот систем.

(3) Тестот од ставот (2) на овој член, содржи упатство за начинот на решавање на истиот, за кое испитната комисија дава појаснување, пред да започне полагањето на теоретскиот дел од возачкиот испит.

(4) По завршување на полагањето, од страна на испитната комисија за оние кандидати кои го положиле тестот, положениот тест автентично се испечатува од електронскиот систем во хартиена форма, потпишан од испитната комисија се одлага во досието на кандидатот за возач.

Член 24

(1) Во случај на спреченост на спроведување на теоретскиот дел од возачкиот испит, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем, испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат најдоцна 60 минути од прекинувањето на испитот, истиот се продолжува веднаш по нивнотоотстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат согласно ставот (2) на овој член, испитот не се спроведува и се презакажува за друг термин.

Член 25

Практичниот дел од возачкиот испит за управување со моторно возило или трактор може да го полага само кандидат за возач кој претходно го положил теоретскиот дел.

Член 26

На практичниот дел на возачкиот испит се утврдува дали кандидатот за возач се стекнал со знаење и потребна вештина за самостојно управување со моторно возило од категоријата за која го полага испитот односно со трактор.

Член 27

(1) Практичниот дел на возачкиот испит се полага на моторно возило што се обезбедува од страна на кандидатот за возач, од автошколата или испитниот центар, и тоа:

1. за „А1“ категорија - со моторно возило од „А1“ категорија, мотоцикл без приколка, со зафатнина од најмалку 120 cm3, кој може да постигне брзина од најмалку 90 km/h;

2. за „А2“ категорија - со моторно возило од „А2“ категорија, мотоцикл без приколка, со зафатнина од најмалку 400 $cm^3$ и моќност на моторот од најмалку 25 kW;

3. „А“ категорија - со моторно возило од „А“ категорија, мотоцикл без приколка, со зафатнина од најмалку 600 $cm^3$ и моќност на моторот од најмалку 40 kW;

4. за„Б“ категорија - со моторно возило од „Б“ категорија кое може да има и автоматски менувач, возило на четири тркала што може да постигне брзина од најмалку 100 km/h;

5. за „БЕ“ категорија -со група возила „БЕ“ категорија, комбинација составена од возило од категорија Б и приколка со најголема дозволена маса од најмалку 1000 kg, што може да постигне брзина од најмалку 100 km/h, кое не спаѓа во Б категорија. Товарниот дел од приколката се состои од затворена кутија (постојана или привремена изведба со церада) која е широка и висока најмалку колку што е широко и високо моторното возило, а затворената кутија може да биде помалку широка од моторното возило доколку можноста за гледање преку ретровизор е можна единствено со употреба на надворешни ретровизори на моторното возило, а приколката има најмалку 800 kg реална вкупна маса;

6. за „Ц1“категорија - со моторно возило од „Ц1“категорија, возило со најголема дозволена маса од најмалку 4000 kg, должина од најмалку 5 m, што може да постигне брзина од најмалку 80 km/h, опремено со анти-блокирачки сопирачки. Товарниот дел се состои од затворена кутија (постојана или привремена изведба со церада), која е широка и висока најмалку колку и кабината;

7. за „Ц1Е“категорија - со група возила од „Ц1Е“ категорија, комбинација составена од возило од категорија Ц1 и приколка со најголема дозволена маса од најмалку 1.250 kg, оваа комбинација е со должина од најмалку 8 m и може да постигне брзина од најмалку 80 km/h. Товарниот дел од приколката се состои од затворена кутија (постојана или привремена изведба со церада) која е широка и висока најмалку колку и кабината, приколката има најмалку 800 kg реална вкупна маса;

8. за „Ц“ категорија - со моторно возило од „Ц“ категорија, со најголема дозволена маса од најмалку 12 000 kg, должина од најмалку 8 m, ширина од најмалку 2,4 m, што може да постигне брзина од најмалку 80 km/h, опремено со анти-блокирачки сопирачки. Товарниот дел се состои од затворена кутија (постојана или привремена изведба со церада) која е широка и висока најмалку колку и кабината, возилото има најмалку 10 000 kg реална вкупна маса;

9. за „ЦЕ“ категорија - со група возила од „ЦЕ“ категорија, комбинација од возило од Ц категорија и приколка со должина од најмалку 7,5 m , при што комбинацијата има најголема дозволена маса од најмалку 20 000 kg, должина од најмалку 14 m и ширина од најмалку 2,4 m и може да постигнат брзина од најмалку 80 km/h. Товарнот дел се состои од затворена кутија (постојана или привремена изведба со церада), која најмалку е широка и висока колку и кабината, комбинацијата има најмалку 15 000 kg реална вкупна маса;

10. за „Д1“категорија - со моторно возило од „Д1“категорија, возило со најголема дозволена маса од најмалку 4000 kg, со должина од најмалку 5 m, може да постигне брзина од најмалку 80 km/h, опремена со анти-блокирачки сопирачки;

11. за „Д1Е“категорија - со група возила од „Д1Е“категорија, комбинација составена од возило од категорија Д1 и приколка со најголема дозволена маса од најмалку 1250 kg и може да постигне брзина од најмалку 80 km/h. Товарниот дел од приколката се состои од затворена кутија (постојана или привремена изведба со церада), која е широка најмалку два метри и висока два метри, приколката има најмалку 800 kg реална вкупна маса;

12. за „Д“ категорија -со моторно возило од „Д“ категорија, возило со должина од најмалку 10 m и ширина од најмалку 2,4 m што може да постигне брзина од најмалку 80 km/h, опремено со анти-блокирачки сопирачки;

13. за „ДЕ“ категорија - со група возила од „ДЕ“ категорија, комбинација составена од возило од категорија „Д “ и приколка со најголема дозволена маса од најмалку 1250 kg, ширина од најмалку 2,4 m, може да постигне брзина од најмалку 80km/h. Товарниот дел од приколката се состои од затворена кутија (постојана или привремена изведба со церада), која е широка два метри и висока два метри, приколката има најмалку 800 kg реална вкупна маса;

14. „Ф“ категорија за возачи на трактори - со трактор (со кабина) кој не е со гасеници и приклучно возило со носивост од најмалку 1.500 kg.

(2) Лице со посебни потреби може да полага практичен дел на возачкиот испит со моторно возило, ако за време на полагањето на возачкиот испит има потребни помагала или возачкиот испит го полага на моторно возило приспособено на неговите посебни потреби.

Член 28

(1) Возилата од членот 27 од овој правилник, за полагање на возачкиот испит покрај задолжителната опрема согласно закон, се опремени и со:

1. внатрешно огледало за возилата од „Б“ категорија;

2. апарат за гаснење на пожар;

3. посебна ознака со натпис „Автошкола“ или „Испитен центар“ која ноќе и во услови на намалена видливост е осветлена. Ознаката е со димензии 75x15 см. и има сопствен извор на светлина. Се поставува на највисокиот дел на возилата од сите категории, освен на возилата од категориите „А1“, „ А2“ и „А“;

4. Сигурносен рефлектирачки елек во жолта боја со впишана латинична буква „L“ во бела боја со димензии 15x9x3 cm, на сина основа со димензии 25x25 cm за возилата од категориите „А1“, „ А2“ и „А“;

5. Камера со двострано снимање со сопствен извор на напојување, поставена во внатрешниот дел на возилото на предното ветробранско стакло, а по исклучок за возилата од „А1“, „ А2“ и „А“ категории и „Ф“ националната категорија, во возилото управувано од испитната комисија која го спроведува полагање на возачкиот испит на начин што овозможува препознавање на кандидатот за возач и испитната комисија.

6. Уред за воспоставување аудио врска за возилата од категориите „А1“, „ А2“ „А“ и „Ф“ националната категорија.

(2) Снимениот материјал од ставот (1) точка 5 на овој член, се чува во испитниот центар, согласно прописите за заштита на личните податоци.

(3) Возилата за полагање на возачкиот испит од категориите „Б“ „ Ц1“ и „Ц“ се опремени со двојни ножни команди, технички исправни и регистрирани во Република Северна Македонија.

(4) Возилата за полагање на возачкиот испит на кандидати за возачи од категориите „А1“, „А2“, „А“, „БЕ“, „Ц1Е“, „ЦЕ“, „Д1“, Д1Е“, „Д“, ДЕ“ и „Ф“ треба да се технички исправни и регистрирани во Република Северна Македонија.

Член 29

(1) За време додека се полага практичниот дел од возачкиот испит, моторното возило односно тракторот е означено со посебни таблици за означување на возило со кое се врши оспособување на кандидати за возачи.

(2) Посебните таблици се обезбедуват од страна на испитниот центар.

Член 30

Комисијата за полагање на возачкиот испит нема да започне со спроведување на практичниот дел на возачкиот испит, доколку утврди дека возилото на кое е предвидено да се полага испитот не е технички исправно, односно истото не ги исполнува посебните критериуми од членовите 27 и 28 од овој правилник.

Член 31

(1) Практичниот дел од возачиот испит за управување со моторно возило од категорите „А1“,„А2“ и „А“ се полага на уреден простор одобрен за таа цел (полигон) и на јавен пат, како единствен дел на испитот.

(2) На возачкиот испит од ставот (1) на овој член, кандидатот за возач треба да го подготви возилото за возење и правилно да ги изведува особено следниве дејствија:

1. поаѓање од место, одржување на правецот на движење и рамнотежа при возење, движење напред по обележана права линија во должина од 30 m и ширина од 25 cm за А1 Категорија, односно 35 cm, за А2 и А категорија со промена од прв во втор степен на пренос, излегување од линијата и враќање во истата со слободно вртење во втор степен на пренос од десно на лево со застанување во обележан простор од еден метар со предното тркало пред стоп линијата, стапнување со една нога на патот (лева или десна), поставување на степенот на пренос во неутрална положба, слегување од мотоциклот и туркање напред од просторот на вежбата“;

2. движење меѓу осум конуси во обележана лента широка два метри во должина од 30 m за А1 Категорија, односно 33,5 m, за А2 и А категорија;

3. управување со возилото во сообраќај на јавен пат во согласност со правилата на сообраќајот, сообраќајните знаци, состојбата на патот и условите на сообраќајот.

(3) Кандидатот за возач го полага возачкиот испит согласно ставот (3) точка 3 на овој член, на начин што испитната комисија му го одредува правецот на движење на кандидатот за возач со возилото, при што испитната комисија паралелно го следи со друго моторно возило и притоа има воспоставено директна радио-врска со кандидатот за возач.

Член 32

(1) Практичниот дел од возачкиот испит за управување со моторно возило се состои од два дела: прв и втор практичен дел.

(2) Првиот практичен дел од возачкиот испит од ставот (1) на овој член, се полага на уреден простор одобрен за таа цел (полигон).

(3) Вториот практичен дел од возачкиот испит од ставот 1 на овој член, се полага на јавен пат.

(4) Кандидатите за возачи од категориите „Б"„Ц1"  „Ц", „Д1",  „Д" и националната категорија „Ф"  ги полагаат двата практични дела предвидени во ставот (1) на овој член.

(5) Кандидатите за возачи од категориите „БЕ"„Ц1Е"  „ЦЕ", „Д1Е", „ДЕ" го полагаат само вториот практичен дел од возачкиот испит.

Член 33

(1) На првиот практичен дел од возачкиот испит од член 32 став (1) од овој правилник, кандидатот за возач треба да покаже дали може да го подготви возилото за возење и со истото правилно да ги изведува особено следните дејствија:

1. поаѓање со возилото од место, одржување на правец на движење напред во сообраќајна лента широка 2.5 m и во должина од 36 m, промена од прв во втор степен на пренос и застанување пред обележана линија, за запирање за возило од категорија „Б", односно поаѓање со возилото од место, одржување на правец на движење напред во сообраќајна лента широка 2.5 m и во должина од 36 m, и застанување пред обележана линија, за запирање за возило со автоматски менувач од категорија „Б". Поаѓање со возилото од место, одржување на правец на движење напред во сообраќајна лента широка 3.5 m и во должина од 36 m , со промена од втор во трет степен на пренос и застанување пред обележана линија за запирање на возилото на пропишан и безбеден начин, за возила од останатите категории;

2. возење назад и движење по средина на сообраќајна лента  широка 2.5 m и во должина од 36 m и застанување пред обележана линија за запирање за возила од категорија „Б", односно сообраќајна лента широка 3.5 m за возила од останатите категории;

3. полукружно свртување на возило од категорија „Б" со најмногу три полни маневри на простор широк шест метри за возила со должина до четири метри, односно полукружно свртување на возило од категорија „Б" во определен простор широк седум метри за возила поголеми од четири метри. Полукружно свртување за возила од категориите „Ц1", „Ц", „Д1" и „Д" , како и националната „Ф" категорија, со најмногу четири полни маневри, на сообраќајна лента широка 3.75 m со користење на страничен пат широк пет метри;

4. паркирање на возило од категорија „Б" покрај раб на коловозот со движење назад во определен простор широк два метри и во должина шест метри за возила со должина до четири метри, односно во определен простор широк два метри и во должина од седум метри за возила со должина поголема од четири метри, кој се означува со поставување на вертикални граничници од пластика или гума. Паркирање на возило од категорија „Ц1" „Ц" и национална категорија „Ф", косо, покрај раб на коловоз кој се означува со поставување на вертикални граничници од пластика или гума во правец на движење на возилото, со движење назад во определен простор широк 3.75 m, односно за категорија „Д" и поткатегорија „Д1", косо со движење напред во определен простор широк четири

метри и излегување назад со вклучување во сообраќајна лента и движење напред кој се означува со поставување на вертикални граничници од пластика или гума во правец на движење на возилото и

5. Запирање и поаѓање со возилото на површина на угорнина со употреба на помошна сопирачка за возилата од категориите „Б“, „Ц1“, „Ц“, „Д1“, „Д“ и националната категорија „Ф“.

(2) Означување на просторот за изведување на дејствијата од ставот (1) на овој член, се врши со поставување на вертикални граничници од пластика или гума во висина од 110 cm за возила од категорија „Б“, односно во висина од 150 cm за возила од категориiите „Ц1“, „Ц“ , „Д1“, „Д“ и националната категорија „Ф“, кои се обоени со бела и црвена боја и се поставуваат на аглите од обележаните вежби.

(3) Возачкиот испит од ставот (1) на овој член, испитната комисија го спроведува со непосредно следење на кандидатот при изведување на дејствијата со возилото.

Член 34

(1) Вториот практичен дел на возачкиот испит од членот 32 став (1) од овој правилник, се полага откако ќе се положи првиот практичен дел и тоа на сообраќајници со поинтензивен сообраќај.

(2) На вториот практичен дел на возачкиот испит, кандидатот за возач треба да покаже дека поседува практично знаење и потребна вештина за безбедно и самостојно управување со возилото, а особено за:

- одржување правец при возењето со менување на степени на преносот;
- правилно движење покрај десниот раб на коловозот и прилагодување на брзината на движење на возилото според особините и состојбата на патот, видливоста, атмосферските услови, густината на сообраќајот и другите сообраќајни услови;
- правилно движење во кривина и правилно вклучување на страничен пат;
- правилно престигнување, обиколување и разминување;
- правилно престројување и свртување налево и надесно (правилен лак);
- правилно и безбедно полукружно свртување;
- постапување доволно внимателно и претпазливо во однос на другите учесници во сообраќајот, а особено кон пешаците, децата, возрасните и изнемоштените лица;
- правилно минување преку обележан пешачки премин и премин преку железничка пруга во ниво без браник;
- постојано следење на сообраќајот околу себе и користење на возачките огледала;
- воочување на сообраќајните знаци и соодветно постапување според истите;
- навремено реагирање на опасности и правилно постапување при поголема брзина на движење;
- правилна употреба на светлата за осветлување на патот и за означување на возилото, како и правилно давање знаци за предупредување, како и
- управување со возилото во согласност со правилата и условите на сообраќајот на патот.

Член 35

(1) Вториот практичен дел од возачкиот испит трае додека испитната комисија не се увери дека кандидатот за возач го поседува потребното знаење и способности за безбедно и самостојно управување со моторно возило или трактор во сообраќајот на пат, и тоа за:

- категоријата „А1“, „А2“, „А“, „Б“, „БЕ“ и националната категорија „Ф“ најмалку 15 минути и не подолго од 30 минути и

- категоријата „Ц1“, „Ц1Е“, „Ц“, „ЦЕ“, „Д1“, „Д1Е“, „Д“, „ДЕ“, најмалку 35 минути и не подолго од 60 минути.

(2) Доколку испитната комисија утврди дека кандидатот за возач не ги поседува потребните знаења и способности за безбедно и самостојно управување со моторно возило или трактор во сообраќајот на пат, поради безбедност на останатите учесници во сообраќајот, вториот практичен дел од возачкиот испит, може да трае и пократко од времето наведеното во став (1) на овој член.

Член 36

(1) Неправилно извршените дејствија на првиот односно вториот практичен дел на возачкиот испит, од страна на испитната комисија се оценува со негативни поени утврдени во оценувачките листови за првиот и вториот практичен дел на возачкиот испит (Образец бр. 1 , Образец бр. 2, Образец бр. 3 и Образец бр.4).

(2) Кандидатот за возач се смета дека не го положил практичниот дел од возачкиот испит, ако од страна на испитната комисија е оценет со повеќе од 50 негативни поени за првиот и вториот практичен дел одделно.

Член 37

Успехот на кандидатот за возач од секој дел од возачкиот испит, испитната комисија, врз основа поените од членот 36 од овој правилник, го оценува со конечна оценка „положил“ или „неположил“ и се издава уверение на Образец бр.5 и Образец бр.5-а.

Член 38

Кандидатот за возач на моторно возило кој не го положил првиот односно вториот практичен дел од возачкиот испит, истиот може да го полага повторно најдоцна една година од денот кога го положил теоретскиот дел на возачкиот испит.

Член 39

(1) За текот на спроведувањето на возачкиот испит се води записник.

(2) Записникот од ставот (1) на овој член, ги содржи следните податоци: реден број на регистарот за полагање на возачки испит; име на кандидатот за возач, име на еден од родителите и презиме на кандидатот за возач; датум и место на полагање на возачкиот испит; оценка на секој дел на возачкиот испит и оценка за возачкиот испит во целина; име и презиме и потпис на претседателот и на членовите на испитната комисија.

Член 40

(1) Во испитниот центар се води уредна евиденција во врска со спроведените возачки испити за кандидати за возачи.

(2) Постигнатите резултати за спроведениот возачки испит, од страна на испитниот центар се објавуваат во средствата за јавно информирање и се доставуваат до автошколите на подрачјето на седиштето на испитниот центар и Министерството за внатрешни работи, најмалку еднаш годишно.

(3) Непосредно по спроведениот возачки испит, постигнатите резултати од полагањето на кандидатите за возачи (лично име, татково име и име на автошколата) се објавуваат на веб страната на испитниот центар не подоцна од 30 дена од денот на полагањето.

Член 41

Евиденцијата од член 40 од овој правилник, се води со соодветна информатичка опрема и посебна софтверска апликација, која овозможува единствена база на податоци за спроведување на возачкиот испит, како и информатичка опрема која овозможува електронско поврзување со други субјекти (автошколи, органи на државна управа, институции и сл.)

Член 42

(1) Од страна на испитниот центар се води евиденција за полагањето на возачкиот испит.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член, ги содржи следните податоци: реден број; име на кандидатот за возач, име на еден од родителите и презиме на кандидатот за возач; адреса на живеалиште односно престојувалиште на кандидатот за возач; датум, место и општина на раѓање на кандидатот за возач; датум на првото полагање на секој дел од возачкиот испит; по кој пат го полага, односно положил возачкиот испит и датум кога го положил наведениот дел од возачкиот испит; постигнат успех на возачкиот испит (положил и датум) и забелешки.

Член 43

(1) Евиденцијата за полагањето на возачкиот испит се води за сите кандидати за возачи во секоја категорија на возила одделно, за цела календарска година.

(2) Податоците содржани во евиденцијата од ставот (1) на овој член, се чуваат во просторијата на стручниот раководител на испитниот центар, како документ од трајна вредност, во писмена и електронска форма, согласно прописите за канцелариско и архивско работење.

(3) Во периодот на времетраење на забраната за вршење на полагањето на возачкиот испит на кандидати за возачи, како и по престанокот на работа на испитниот центар, евиденцијата од членот 42 од овој правилник се предава во Министерството за внатрешни работи, за што се издава потврда.

Член 44

(1) По спроведениот возачки испит, за кандидатите кои го положиле испитот, целата документација сврзана со полагањето на возачкиот испит (пријави за полагање на возачкиот испит, записници, положен тест во печатена форма, оценувачки листови и слично), од страна на испитниот центар се доставува до Министерството за внатрешни работи, според местото каде се спроведувал возачкиот испит.

(2) Во однос на секоја операција или збир на операции што се изведуваат врз видео и аудио записите, како и врз личните податоци на кандидатите за возачи, а во врска со нивната обработка, се применуваат прописите за заштита на личните податоци.

Член 45

(1) Возачкиот испит се полага пред испитна комисија формирана од страна на раководителот на испитниот центар.

(2) Испитната комисија од ставот (1) на овој член, е составена од претседател и двајца членови – испитувачи, од кои еден испитувач за теоретскиот дел и еден испитувач за практичниот дел од Програмата.

(3) Испитната комисија од ставот (1) на овој член работи во полн состав, а со работата на испитната комисија раководи претседателот.

(4) Претседателот и членовите на испитната комисија од ставот (1) на овој член, одлуката за успехот на кандидатот кој полага возачки испит, ја донесуваат со мнозинство на гласови.

Член 46

(1) Испитниот центар треба да поседува простории и материјално-техничка опрема потребни за вршење на работите на организирање и спроведување на возачки испит за кандидат за возач во сопственост на испитниот центар или под закуп.

(2) Во седиштето на испитниот центар треба да има соодветни простории за административно работење на референтите и испитните комисии, просторија за работа на раководителот, просторија за работа на контролорот и другите вработени во испитниот центар.

Член 47

Пријавувањето на возачкиот испит кандидатите го вршат во посебни простории за пријавување (пријавни места), кои можат да бидат во сопственост на испитниот центар или под закуп, опремени со информатичка опрема за пријавување.

Член 48

(1) Во седиштето на испитниот центар и во неговите подружници треба да има соодветни простории за изведување на теоретскиот дел од возачкиот испит кои обезбедуваат услови за спроведување на теоретскиот дел од возачкиот испит за најмалку 30 кандидати.

(2) Просторијата за изведување на теоретскиот дел од возачкиот испит (училницата) од ставот (1) на овој член располага со просторна површина од најмалку 1,5 m2 по кандидат за возач, односно најмалку пет m2 за испитната комисија, опремена со една работна маса, една училишна табла и училишен прибор со можност за појаснување на начинот на спроведување на теоретскиот дел од возачкиот испит, со соодветно греење, вентилација, осветлување и санитарен чвор.

(3) Просториите од ставот (1) на овој член, е опремена со соодветна информатичка опрема за спроведување на теоретскиот дел од возачкиот испит за најмалку 30 кандидати за возачи.

(4) Просториите од ставот (1) на овој член, може да биде во сопственост на испитниот центар или под закуп.

(5) Во просториите од ставот (1) на овој член треба да биде поставена и опрема за видео надзор која овозможува видео записи на спроведувањето на теоретскиот дел од возачкиот испит.

(6) За обезбедување на видео надзор согласно ставот (5) на овој член, просторијата (училницата) е опремена со камери кои согласно димензиите и карактеристиките на просторијата ќе овозможат квалитетен видео запис кој овозможува препознавање на кандидатите за возачи и испитната комисија, од целокупниот процес на изведување на теоретскиот дел од возачкиот испит со можност за архивирање и документирање на снимениот материјал.

(7) Снимениот материјал од ставот (6) на овој член согласно прописите за заштита на личните податоци, се чува во просториите на испитниот центар 30 дена од денот на изведување на теоретскиот дел од возачкиот испит.

Член 49

(1) Испитниот центар треба да поседува соодветна информатичка опрема и соодветни лиценцирани софтверски апликации што овозможуваат спроведување на возачкиот испит.

(2) Покрај информатичката опрема и посебните соофтверски апликации од ставот (1) на овој член, испитниот центар треба да има и:

- пристап за користење на апликација за спроведување на електронско полагање на теоретскиот дел од возачкиот испит и

- интернет конекција во седиштето на испитниот центар и во подружниците од најмалку 4 mb/s наменет исклучиво за електронско полагање на теоретскиот дел од возачкиот испит.

Член 50

(1) За издавање на лиценца за испитен центар се поднесува барање по претходно објавен јавен конкурс од страна на Министерството за внатрешни работи, кон кое се приложуваат докази за исполнетоста на условите за вршење на работите на испитен центар согласно закон.

(2) Поднесените барања за издавање на лиценца за испитен центар се разгледуваат од страна на комисија формирана во Министерството за внатрешни работи, која се состои од претседател и четири члена.

Член 51

(1) Комисијата од членот 50 од овој правилник, врши оценување на пријавените правни лица, изготвува бодовна листа врз основа на која го врши оценувањето на пријавените правни лица на јавниот конкурс и ги одредува најдобро оценетите правни лица по подрачје на испитен центар за каде конкурирале пријавените правни лица.

(2) Оценувањето на правните лица од ставот (1) на овој член се врши со бодовна скала од нула, три и пет.

(3) Оценката нула означува дека не се исполнети условите утврдени со закон и овој правилник за добивање на лиценца за испитен центар и има елиминаторен карактер. Оценката три означува дека правното лице делумно ги задоволува условите за добивање на лиценца за испитен центар, оценката пет означува дека правното лице целосно ги задоволува условите за добивање на лиценца за испитен центар.

(4) Оценките за исполнетоста на поблиските критериуми во однос на просторните услови, материјално-техничката и информатичката опрема се утврдуваат со мнозинство на гласови дадени од претседателот и членовите на Комисијата.

(5) Вкупната оценка е збирот на оценките од ставот (4) на овој член.

Член 52

На прворангираните правни лица за секој испитен центар, им се издава лиценца за испитен центар.

Член 53

Лиценцата за работа на испитниот центар се издава на Образец бр.6 и Образец бр.6-а, кој се печати на хартија во А4 формат со позадина каде е испечатено знамето на Република Северна Македонија и ги содржи следните податоци :

- назив на правното лице кое се овластува за вршење на работите на овластен испитен центар;
- седиште на правното лице;
- единствен даночен број на правното лице;
- работи и работни задачи за кои се издава овластувањето;
- период за кој се издава овластувањето;
- датум на издавање;
- потпис и печат на Министерството за внатрешни работи.

Член 54

Обрасците бр.1, 2, 3, 4, 5, 5-а, 6 и 6-а се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 55

Со денот на отпочнување на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри, водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити и за формата и содржината на лиценцата за испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ број 139/16 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 108/22 и 21/24).

Член 56

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува по шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

Бр. 13.1.1-13651/1
6 февруари 2025 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски**, с.р.

Испитен Центар______________________________ Образец бр.1

ОЦЕНУВАЧКИ ЛИСТ
ЗА ПРВ ПРАКТИЧЕН ДЕЛ ОД ВОЗАЧКИОТ ИСПИТ

Кандидатот за возач,_________________________________________________
Број на лична карта ______________________ издадена од ______________________________
Датум на полагање ____________ година, Испит за категорија ______________________________

| | ДЕЈСТВИЈА СО ВОЗИЛОТО И МОЖНИ НАПРАВЕНИ ГРЕШКИ | Негативни поени Маркирај во полето (X) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1. Тргнување со возилото од место(пред обележана стартна линија), движење по обележана сообраќајна лента со менување од прв во втор степен на пренос за категоријата "Б" и национална категорија "Ф" и од втор во трет степен на пренос за останати категории и запирање на возилото пред обележана линија за запирање СТОП (линија)** | | | | | | | |
| А) | Стартување на моторот на возилото со вклучен степен на пренос | 20 | | | | | | |
| Б) | Тргнување и движење со затегната помошна (рачна) кочница-сопирачка по целата сообраќајна лента | 30 | | | | | | |
| В) | Нагло пуштање на педалата на спојката или гаснење на моторот на возилото | 10 | | | | | | |
| Г) | Предвремено, задоцнето или нагло додавање и намалување на педалото за гориво и брзината на движење | 10 | | | | | | |
| Д) | Неправилно или грубо менување на степените на пренос | 15 | | | | | | |
| Ѓ) | Движење и запирање на возилото без промена на степен на пренос или не пуштање на педалата на спојката по промена од прв во втор или од втор во трет степен на пренос | 20 | | | | | | |
| Е) | Газење со тркалата или преминување со габаритот на возилото преку обележаните надолжни или напречни обележани линии од соодветната сообраќајна лента | 51 | | | | | | |
| Ж) | Неправилно застанување пред обележаната линија за запирање СТОП линија на растојание поголемо од едно метро | 30 | | | | | | |
| З) | Непотребно запирање на движењето на возилото | 15 | | | | | | |
| И) | Не ги изведува правилно дејствијата од вежбата | 51 | | | | | | |
| | **2. Движење со возилото station наназад во обележаната сообраќајна лента и запирање пред обележаната напречна линија** | | | | | | | |
| А) | Непотребно запирање на движењето на возилото | 10 | | | | | | |
| Б) | Газење со тркалата или преминување со габаритот на возилото преку обележаните надолжни или напречни линии од соодветната сообраќајна лента при движење наназад | 51 | | | | | | |
| В) | Неправилно застанување при движење наназад пред обележаната напречна линија на растоние поголемо од едно метро | 30 | | | | | | |
| Г) | Нагло пуштање на педалата на спојката, потскокнување или гасење на моторот на возилото | 10 | | | | | | |
| Д) | Не ги изведува правилно дејствијата од вежбата | 51 | | | | | | |
| | **3.Движење на возилото** | | | | | | | |
| А) | Неправилно излегување со возилото од сообраќајната лента, при движење гази на надолжната линија со најмалку едно тркало | 51 | | | | | | |
| | **4.Полукружно свртување со возило** | | | | | | | |
| А) | Газење со тркалото на возилото на обележаните линии и димензионираната површина за полукружно свртување | 51 | | | | | | |
| Б) | Нагло пуштање на педалата на спојката или гаснење на моторот на возилото | 10 | | | | | | |
| В) | Неправилно или грубо менување на степените на пренос | 10 | | | | | | |
| Г) | Вртење на управувачкото тркало (воланот) во место, кога возилото е запрено, освен за категорија Б | 20 | | | | | | |
| Д) | Неуспешно полукружно свртување со определениот број маневри и тоа за категорија Б три, за категории Ц1, Ц, Д1 и Д како и за национална категорија Ф четири | 51 | | | | | | |
| Ѓ) | Удирање со возилото во објект или возило | 51 | | | | | | |
| | **5.Паркирање на возило во определена паркинг површина** | | | | | | | |
| А) | Неуспешен обид за паркирање во определена паркинг површина (се откажува) | 30 | | | | | | |
| Б) | Газење со тркало на возилото на обележана линија на определена паркинг површина или удар во столбче – граничник | 51 | | | | | | |
| В) | Несиметрично паркирање во определена паркинг површина | 15 | | | | | | |
| Г) | Неуспешно паркирање и по вториот обид | 51 | | | | | | |
| Д) | Нагло пуштање на педалата на спојката или гаснење на моторот | 10 | | | | | | |
| Ѓ) | Излегување со габаритот на возилото преку определената паркинг површина | 51 | | | | | | |
| Е) | Удирање со возилото во објект или возило | 51 | | | | | | |
| | **6.Тргнување со возилото на нагорнина со употреба на рачна (помошна) кочница – сопирачка** | | | | | | | |
| А) | Неупотребување на рачната (помошната) кочница –сопирачка | 51 | | | | | | |
| Б) | Возилото не може да тргне напред или моторот се гаси | 30 | | | | | | |
| В) | Враќање на возилото наназад при тргнување | 30 | | | | | | |
| Г) | Неуспешно поаѓање и по втор обид | 51 | | | | | | |
| Д) | Неправилно застанување пред обележаната СТОП линија за запирање на растојание поголемо од едно метро | 30 | | | | | | |
| Ѓ) | Тргнување со пролизгување на погонските тркала | 30 | | | | | | |
| Е) | Удирање со возилото во објект или возило | 51 | | | | | | |

ИСПИТНА КОМИСИЈА:

1. Претседател
2. Испитувач ____________________
3. Член ____________________

Вкупен број на негативни поени: ____________

Кандидатот овој дел
од испитот
**го положи-не гоположи**
(непотребното да се прецрта)

*Оценувањето се врши со маркирање во празните полиња со X, вкупниот број на негативни поени преставува збир од сите маркирани полиња.

**Испитен Центар**______________________________ **Образец бр.2**

## ОЦЕНУВАЧКИ ЛИСТ

**за прв практичен дел од возачкиот испит на**

Кандидатот за возач, _________________________________________________
Број на лична карта __________________ издадена од ___________________
Датум на полагање ____________ година. Испит за категорија ____________________________________

| | ДЕЈСТВИЈА СО ВОЗИЛОТО И МОЖНИ НАПРАВЕНИ ГРЕШКИ | НЕГАТИВНИ ПОЕНИ Маркирај во полето (X) | |
|---|---|---|---|
| | **1. Тргнување со возилото од место (пред обележана стартна линија), движење по обележана сообраќајна лента за категоријата "Б" со автоматски менувач и запирање на возилото пред обележана линија за запирање СТОП (линија)** | | |
| А) | Стартување на моторот на возилото со вклучен степен на пренос | 20 | |
| Б) | Тргнување и движење со затегната помошна (рачна) кочница-сопирачка по целата сообраќајна лента | 30 | |
| В) | Нагло тргнување и гаснење на моторот на возилото | 10 | |
| Г) | Предвремено, задоцнето или нагло додавање и намалување на педалото за гориво и брзината на движење | 10 | |
| Д) | Газење со тркалата или преминување со габаритот на возилото преку обележаните надолжни или напречни обележани линии од соодветната сообраќајна лента | 51 | |
| Ѓ) | Неправилно застанување пред обележаната линија за запирање СТОП линија на растојание поголемо од едно метро | 30 | |
| Е) | Непотребно запирање на движење на возилото | 15 | |
| Ж) | Не ги изведува правилно дејствијата од вежбата | 51 | |
| | **2. Движење со возилото наназад во обележаната сообраќајна лента и запирање пред обележаната напречна линија** | | |
| А) | Непотребно запирање на движењето на возилото | 10 | |
| Б) | Газење со тркалата или преминување со габаритот на возилото преку обележаните надолжни или напречни линии од соодветната сообраќајна лента при движење наназад | 51 | |
| В) | Неправилно застанување при движење наназад пред обележаната напречна линија на растоние поголемо од едно метро | 30 | |
| Г) | Нагло пуштање на педалата на спојката, потскокнување или гасење на моторот на возилото | 10 | |
| Д) | Не ги изведува правилно дејствијата од вежбата | 51 | |
| | **3.Движење на возилото** | | |
| А) | Неправилно излегување со возилото од сообраќајната лента, при движење гази на надолжната линија со најмалку едно тркало | 51 | |
| | **4.Полукружно свртување со возило** | | |
| А) | Газење со тркалото на возилото **на** обележаните линии и димензионираната површина за полукружно свртување | 51 | |
| Б) | Нагло тргнување или гаснење на моторот на возилото | 10 | |
| В) | Неуспешно полукружно свртување со три маневри | 30 | |
| Г) | Удирање со возилото во објект или возило | 51 | |
| | **5.Паркирање на возило во определена паркинг површина** | | |
| А) | Неуспешен обид за паркирање во определена паркинг површина (се откажува) | 30 | |
| Б) | Газење со тркало на возилото **на** обележана линија на определена паркинг површина или удар во столбче – граничник | 51 | |
| В) | Несиметрично паркирање во определена паркинг површина | 15 | |
| Г) | Неуспешно паркирање и по вториот обид | 51 | |
| Д) | Нагло пуштање на педалата на спојката или гаснење на моторот | 10 | |
| Ѓ) | Излегување со габаритот на возилото преку определената паркинг површина | 51 | |
| Е) | Удирање со возилото во објект или возило | 51 | |
| | **6.Тргнување со возилото на нагорнина со употреба на рачна (помошна) кочница – сопирачка** | | |
| А) | Неупотребување на рачната (помошната) кочница –сопирачка | 51 | |
| Б) | Возилото не може да тргне напред или моторот се гаси | 30 | |
| В) | Враќање на возилото наназад при тргнување | 30 | |
| Г) | Неуспешно поаѓање и по втор обид | 51 | |
| Д) | Неправилно застанување пред обележаната СТОП линија за запирање на растојание поголемо од едно метро | 30 | |
| Ѓ) | Тргнување со пролизгување на погонските тркала | 30 | |
| Е) | Удирање со возилото во објект или возило | 51 | |

Вкупен број на негативни поени: ________________

ИСПИТНА КОМИСИЈА:

1. Претседател __________________________
2. Испитувач _____________________________
3. Член ___________________________________

Кандидатот овој дел
од испитот
**го положи-не го положи**
(непотребното да се прецрта)

*Оценувањето се врши со маркирање во празните полиња со Х, вкупниот број на негативни поени преставува збир од сите маркирани полиња.

**Образец бр.3**

**Испитен Центар______________________________**

Бр.на досие

ОЦЕНУВАЧКИ ЛИСТ

**за практичен дел (полигон) од возачкиот испит за категорија „А1", „А2"и „А"**

Кандидатот за возач, _______________________________________________________

Број на лична карта ______________________ издадена од __________________________________ Датум на полагање ____________ година. Испит за категорија _________________________________

| ДЕЈСТВИЈА СО ВОЗИЛОТО И МОЖНИ НАПРАВЕНИ ГРЕШКИ | | НЕГАТИВНИ ПОЕНИ Маркирај во полето (X) |
|---|---|---|
| | **1. Поаѓање со возилото од место, одржување правец и рамнотежа придвижење по права линија со должина од 30 м и ширина од 0.25 м со промена од прв во втор степен на пренос за А1 категорија, 30 м должина и 0.35 м ширина за А2 и А категорија** | |
| А) | Стартување на моторот во работа со вклучен степен на пренос | 20 |
| Б) | Предвремено, задоцнето или нагло пуштање на педалата на спојката или гаснење на моторот | 10 |
| В) | Неправилно седење и држење на телото на возилото (седи искривено или неправилно го држи телото - наведнато напред ,односно назад) | 20 |
| Г) | Неправилно изведување на дејствијата со раце и нозе при менување на степен на пренос (гледа во управувачот и рачните команди, односно менувачот на степените на пренос) | 10 |
| Д) | Грубо менување на степените на пренос или неприлагодување на брзината на движење за променување согласно соодветниот степен на пренос | 15 |
| ѓ) | Неменување од прв во втор степен на пренос на определената должина | 30 |
| Е) | Неодржување на правец или рамнотежа при движењето (излегува со најмалку едно тркало од ширината на обележаната линија или се допира со една или пбете нозе на коловозната површина) | 51 |
| Ж) | Не застанување во определениот простор за запирање (пред стоп линијата за запирање со предното тркало) | 51 |
| З) | Неправилно поставување на степенот на пренос (неутрална положба) на моторциклот, слегување од него и туркање надвор од просторот на обележаната линија | 20 |

| | | |
|---|---|---|
| | **2. Движење помеѓу осум чунови во обележана површина (лента) со должина од 30 м и ширина од 2 м за А1 категорија, 33.5 м должина за А2 и А категорија** | |
| А) | Помагање со најмалку една нога за одржување на правец по траекторија (патека) на движењето, односно допирање на коловозната површина | 15 |
| Б) | Гасење на моторот при движење | 20 |
| В) | Застанување со возилото во просторот на обележаната површина | 15 |
| Г) | Газење или изместување на еден чун од предвидените позиции на истите со возилото (со нога или со мотоциклот) | 15 |
| Д) | Газење со најмалку едно тркало или преминување преку обележаните линии (надолжни рабни линии) од определената ширина | 51 |
| ѓ) | Непоминување во определените простори помеѓу два чуна | 51 |

| ВОЗЕЊЕ ВО И НАДВОР ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО (практичен дел) | | |
|---|---|---|
| | | НЕГАТИВНИ ПОЕНИ Маркирај во полето (X) |
| | **1.Знаење и вештина за безбедно управување со возилото** | |
| А) | Предвремено , задоцнето или нагло пуштање на педалото на спојката | 10 |
| Б) | Неправилна употреба на командите и менување на степените на пренос | 15 |
| В) | Неправилно држење или вртење со управувачот на возилото | 10 |
| Г) | Неправилна употреба на командите и сопирачките на возилото | 10 |
| Д) | Неправилно ракување или користење на командите за светлосно-сигнални уреди на возилото | 10 |
| ѓ) | Не го следи сообраќајот околу себе и не ги користи возачките ретровизори | 10 |
| Е) | Неприлагодување на брзината кон состојбата на патот и сообраќајот | 15 |
| Ж) | Неправилно управување со возилото во кривина или раскрсница | 15 |
| З) | Неправилно управување со возилото на надолнина | 10 |
| S) | Невнимателно однесување кон другите учесници во сообраќајот | 15 |
| И) | Недржење на правец на движење, страна на движење или не се движи во пропишана сообраќајна лента за категоријата на возилото (мотоциклот) | 51 |
| Ј) | Неправилно движење со возилото на коловозот, во рамките на сообраќајната лента или преминување преку работ на коловозот | 51 |
| К) | Незастанување на возилото при наидување на возило означено за организиран превоз на деца кое е застанато заради влегување и излегување на деца | 51 |
| Л) | Недржење на правец или рамнотежа при движење на возилото | 51 |
| | **2.Примена на правилата и прописите во сообраќајот** | |
| А) | Движење со брзина над пропишаната | 51 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Б) | Непочитување на правилата за првенство на минување | 51 | |
| В) | Непочитување на правилата за првенство на минување на возила под придружба и возила со право на првенство на минување | 51 | |
| Г) | Непрописно престигнување на колона на возила | 51 | |
| Д) | Непрописно престигнување и обиколување | 15 | |
| Ѓ) | Непропуштање на пешаци на пешачки премин, на раскрсница, на раскрсница или организирана колона од пешаци | 30 | |
| Е) | Непрописна или неправилна употреба на светла во сообраќајот | 10 | |
| Ж) | Непрописно или неправилно држење на растојание помеѓу возилата | 10 | |
| З) | Необезбедување странично безбедно растојание при движење покрај останатите учесници во сообраќајот | 15 | |
| Ѕ) | Непочитување на светлосни сообраќајни знаци или знаци од униформирано службено лице | 51 | |
| И) | Непочитување на светлосни или звучни сообраќајни знаци на патен премин преку железничка пруга | 51 | |
| Ј) | Непрописно престројување пред обележана или необележана крстосница | 20 | |
| К) | Непрописно свртување на крстосница и вклучување на страничен пат или во пропишана сообраќајна лента | 20 | |
| Л) | Непрописно разминување | 10 | |
| Љ) | Непрописна или неправилна употреба на знаци за предупредување | 10 | |
| М) | Не постапува во согласност со сообраќајните знаци за изречити наредби | **51** | |
| Н) | Создавање непосредно опасна ситуација без последици или со последици | **51** | |

Вкупен број на негативни поени: ________________

ИСПИТНА КОМИСИЈА:

1. Претседател ____________________________
2. Испитувач ____________________________
3. Член ____________________________

Кандидатот овој дел
од испитот
**го положи-не го положи**
(непотребното да се прецрта)

*Оценувањето се врши со маркирање во празните полиња со X, вкупниот број на негативни поени преставува збир од сите маркирани полиња.

**Испитен Центар**______________________________ **Образец бр.4**

**ОЦЕНУВАЧКИ ЛИСТ**

**за втор практичен дел од возачкиот испит**

Кандидатот за возач, ______________________________ Број на лична карта ______________________ издадена од __________________________ Датум на полагање ____________ година. Испит за категорија ________________________________

| | ДЕЈСТВА СО ВОЗИЛОТО И МОЖНИ НАПРАВЕНИ ГРЕШКИ | НЕГАТИВНИ ПОЕНИ Маркирај во полето (X) | |
|---|---|---|---|
| | **1. Знаење и вештина за безбедно управување со возилото** | | |
| А | Предвремено, задоцнето или нагло пуштање на педалата на спојката | 10 | |
| Б | Неправилна употреба на помошна (рачна) кочница | 10 | |
| В | Неправилно менување на степените на пренос | 15 | |
| Г | Неправилно држење или вртење на управувачот (воланот) на возилото | 10 | |
| Д | Неправилна употреба на работна кочница | 10 | |
| Ѓ | Недржење на страна или правец на движење на возилото | 51 | |
| Е | Неправилно управување со возилото во кривина или раскрсница | 15 | |
| Ж | Удирање со возилото во рабoт на коловозот | 51 | |
| З | Неправилно управување со возилото на надолнина | 10 | |
| Ѕ | Неправилно ракување или користење на команди за светлосно-сигнални уреди | 10 | |
| И | Неследење на сообраќајот и некористење на возачките огледала | 10 | |
| Ј | Неприлагодување на брзината кон состојбата на патот и сообраќајот | 20 | |
| К | Невнимателно однесување кон други учесници во сообраќајот | 15 | |
| Л | Непочитување на првенство на минување на крстосница регулирана со сообраќајни знаци | 51 | |
| Љ | Незастанување на возилото при наидување на возило означено за организиран превоз на деца кое е застанато заради влегување и излегување на деца | 51 | |
| М | Подесување на возачкото седиште и огледала | **15** | |
| Н | Не го употребува безбедносниот ремен | **30** | |
| Њ | Неправилно стартување на моторот | **10** | |
| О | Неправилно тргнување со возилото, возилото се враќа наназад | **30** | |
| П | Неправилно вклучување во сообраќајот, неодлучен е | **30** | |
| Р | Ја држи ногата на педалата на спојката додека вози | **15** | |
| С | Неправилно успорува, сопира нагло и присилно | **15** | |
| Т | Не го контролира возилото, губи правец, излегува од лентата | **51** | |
| Ќ | Не ја прилагодува брзината кога наидува на деца, стари лица во близина на коловозот | **30** | |
| У | Неправилно позиционирање пред и во крстосница | **20** | |
| Ф | Го попречува или загрозува движењето на пешаците, велосипедистите, тротинетите (стои на пешачки премин и велосипедска лента) | **30** | |
| Х | Создавање непосредно опасна ситуација без последици или со последици | **51** | |
| Ц | Испитувачот по практичен дел реагира вербално, со реакција на командите за управување на возилото (волан,кочница испојка на менувачот ) | **51** | |
| | **2.Примена на правилата и прописите во сообраќајот** | | |
| А | Движење со неприлагодена брзина | 30 | |
| Б | Непочитување на правилата за првенство на минување | 51 | |
| В | Непочитување на правилата за првенство на минување на возила под придружба и возила со право на првенство на минување | 51 | |
| Г | Непрописно престигнување на колона на возила | 51 | |
| Д | Непрописно престигнување или обиколување | 15 | |
| Ѓ | Непропуштање на пешаци на пешачки премин на раскрсница или организирана колона на пешаци | 30 | |
| Е | Непрописно или неправилна употреба на светла во сообраќајот | 10 | |
| Ж | Непрописно или неправилно држење на растојание меѓу возилата | 10 | |
| З | Необезбедување странично безбедно растојание при движење покрај останатите учесници во сообраќајот | 15 | |
| Ѕ | Непочитување на светлосни сообраќајни знаци или знаци од униформирано службено лице | 51 | |
| И | Непочитување на светлосни или звучни сообраќајни знаци на патен премин преку железничка пруга | 51 | |
| Ј | Непрописно престројување пред обележана или необележана крстосница | 20 | |
| К | Непрописно свртување на крстосница и вклучување на страничен пат или во пропишана сообраќајна лента | 20 | |
| Л | Непрописно разминување | 10 | |
| Љ | Непрописна или неправилна употреба на знаци за предупредување | 10 | |
| М | Непочитување на останати сообраќајни знаци | 20 | |
| Н | Завземена неправилна позиција со возилото во сообраќајната лента | 20 | |
| Њ | Вози во лента во која не смее да се движи | 30 | |
| О | Не постапува во согласност со сообраќајните знаци за изречни наредби (стоп знак, забранет сообраќај во една и две насоки задолжителна насока итн) | 51 | |
| П | Свртува или поминува низ кривина со несоодветна брзина (несоодветен степен на пренос) | 20 | |
| Р | Надминува ограничување на брзината | 30 | |
| С | Возење во спротивен правец | 51 | |
| Т | Не ги пропушта возилата според правилата за разминување | 51 | |
| Ќ | Кандидатот или инструкторот го попречува во спроведувањето на испитот | 51 | |

Вкупен број на негативни поени: ____________

ИСПИТНА КОМИСИЈА:

1. Претседател ______________________
2. Испитувач ______________________
3. Член ______________________

Кандидатот овој дел од испитот

**го положи-не го положи**

(непотребното да се прецрта)

*Оценувањето се врши со маркирање во празните полиња со X, вкупниот број на негативни поени преставува збир од сите маркирани полиња.

**Образец бр. 5**

____________________________
(Испитен центар)
Број _________________________
_____________ 20 ____ година
____________________________
(Место)

**У В Е Р Е Н И Е**

**ЗА ПОЛОЖЕН ВОЗАЧКИ ИСПИТ**

Кандидатот ________________________________________________, роден-а _____________ година, во _________________, со живеалиште/престојувалиште во ______________________________, полагал-а на ______________________ година и со успех го положил-а возачкиот испит за управување со:

- моторно возило од категорија _________

**Раководител на испитен центар**

__________________________________

**М.П.**

**Образец бр. 5-а**
**Formulari nr. 5-a**

_______________________________________________
(Испитен центар/ Qendra për provim)
Број / Numër _______________________
____________ 20 ____ година/viti
_______________________________________________
(Место / Vendi)

**У В Е Р Е Н И Е**
**ЗА ПОЛОЖЕН ВОЗАЧКИ ИСПИТ**
**VËRTETIM**
**PËR DHËNIEN E PROVIMIT PËR SHOFER**

Кандидатот _____________________________________________, роден-а

____________ година, во ________________, со живеалиште/престојувалиште

во ___________________________, полагал-а на _____________________ година.

Kandidati _________________________________________________, i / e lindur më
_______________________ në ___________________, me vendbanim/vendqëndrim
në ______________________, në provim ka hyrë më datën _________________.

и со успех го положил-а возачкиот испит за управување со:
dhe me sukses e ka dhënë provimin për shofer për drejtimin me:

- моторно возило од категорија__________
- automjet të kategorisë __________

**Раководител на испитен центар**
**Udhëheqësi i qendrës për provim**

________________________________

**М.П. / V.V.**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** **Образец бр.6**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, а во врска со член 240 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, министерството за внатрешни работи издаде

# Л И Ц Е Н Ц А

## ЗА ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Се овластува правното лице

со седиште во и единствен даночен број да врши работи на

***ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВОЗАЧКИ ИСПИТ ЗА КАНДИДАТ ЗА ВОЗАЧ*** за период од 5 години од денот на издавање на оваа лиценца.

Датум ______________________

Министер за внатрешни работи ______________________

М. П.

**Образец бр.6-а**
**Formulari nr. 6-a**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА -МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT - MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME**

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, а во врска со член 240 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Министерството за внатрешни работи издаде

Në bazë të nenit 55 të Ligjit për organizimin e punës në organet e administratës shtetërore) në lidhje me nenin 240 të Ligjit për Siguri në Komunikacionin Rrugor Ministria e Punëve të Brendshme lëshon

**Л И Ц Е Н Ц А**

**L I C E N C Ë**

З А  И С П И Т Е Н  Ц Е Н Т А Р
PËR QENDRËN E PROVIMEVE

Се овластува правното лице ________________________________________________
со седиште во ____________________ и единствен даночен број ______________да врши работи на ***ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВОЗАЧКИ ИСПИТ ЗА КАНДИДАТ ЗА ВОЗАЧ*** за период од 5 години од денот на издавање на оваа лиценца.

Autorizohet personi juridik ________________________________________________
me seli në ________________________ me numër të vetëm tatimor____________ të kryejë punët në **ORGANIZIMIN DHE ZBATIMIN E PROVIMIT PËR SHOFER PËR KANDIDAT PËR SHOFER** në periudhë kohore prej 5 viteve nga dita e lëshimit të kësaj licence.

Место и датум на издавање
Vendi dhe data e lëshimit
____________________

Министер за внатрешни работи
Ministri i Punëve të Brendshme
__________________________

М. П.
V. V.
МК 0000000